...високо... установа
...висока с...
...ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр. 02-521/1
16.12. 2015 год.
СКОПЈЕ

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ВИШ ПРЕДАВАЧ ПО ПРЕДМЕТОТ КОМПЈУТЕРСКА ОБУКА НА ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА", СКОПЈЕ

Со одлука донесена на 44та седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, одржана на ден 22.09.2015 година определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања во областа на Информатика на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник „Вечер" на 16.07.2015 година, и во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Љупчо Вангелски.

Врз основа на приложената документација, детален увид во истата и нашето познавање на кандидатот, на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје му го поднесуваме следниот

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Биографски податоци

М-р Љупчо Вангелски е роден на 03.02.1982 година, во Скопје, Република Македонија. Основното образование го стекнал во "Петар Поп Арсов" во Скопје со просечна оценка 5.00 како првенец на генерацијата. Средно училиште завршил во гимназијата „Никола Карев",од 1996 до 2000 година во Скопје, каде зема учество на повеќе регионални и републички натпревари по математика и во 1998 година е добитник на брозен медал на 5-тата македонска математичка олимпијада.

Во 2005 година, дипломирал на Електротехничкиот факултет со просечна оценка 9.62 , во Скопје, на насоката Компјутерска техника информатика и автоматика и се стекнал со звањето дипломиран инженер по електротехника. Во текот на студирањето повеќепати е наградуван за завршени студиски години со просек поголем од 9.5.

Постдипломски студии завршил во 2012 година, на Факултетот за електротехника и информациски технологии на отсекот КТИ, во Скопје, со главен предмет Мрежно програмирање и тема на магистерскиот труд: „Автономен систем за детекција на аномалии и учење на однесувањето при мрежна комуникација". Своето образование, Љупчо Вангелски го продолжува на докторски студии на Факултетот за информациски науки и компјутерско инженерство, на насоката КТИ, под менторство на проф. д-р Драган Михајлов.

М-р Љупчо Вангелски има работно искуство од 2005 до 2011 година во телекомуникцискиот оператор Неотел и во мобилниот оператор ВТИ Македонија, на работно место раководител на дата центарот. Има големо професионално искуство во областите на компјутерска безбедност, компјутерски мрежи, системско инженерство и имплементација на билинг системи. Во 2014 година, основач е на компанијата Вејпр Апликации (www.vapour-apps.com), која што изработува иновативно решение за

управување со комплексни ИТ инфраструктури, проект кој што е поддржан и од „Фондот за иновации и технолошки развој“ на Република Македонија.

## 2. Наставна активност

М-р Љупчо Вангелски има работно искуство како демонстратор по предметот „Компјутерска обука“, на Факултетот за бизнис економија – Скопје (ФБЕ), од 2006 година до 2010 година. Во рамките на овие работни обврски учествувал во изготвување и спроведување на аудиториски и лабораториски вежби, во подготвување,организација и реализација на сите облици на проверка на знаењето на студентите.

Од 2011 до 2015 година, м-р Љупчо Вангелски работи како предавач по предметот „Компјутерска обука“, на Факултетот за бизнис економија.

### Сертификати и признанија:

- Certified ethical hacker, Ethical hacking and Countermeasures, EC-Council;
- Red Hat Certified Engineer, Red Hat, Inc. - RHEL 5;
- Certified internal auditor for ISO 9001:2008 and ISO 14001:2004;
- Бронзен медал на 5-тата македонска математичка олимпијада.

## 3. Трудови

1. *Vangelski L., Chorbev I., Mihajlov D., Adaptive anomaly-based intrusion detection system. Proceedings of the International Conference on Information Technologies (InfoTech-2011) 15-16 September 2011, Bulgaria;*

2. *Vangelski L., Chorbev I., Mihajlov D., Establishing a Pattern of Normal Behavior for Protecting Web Applications, In Proceedings of Tenth International Conference for Electronics, Telecommuniocations, Automation and Informatics – ETAI 2011, Ohrid 2011.*

3. *Vangelski L.,Learning and managing the network behavior, RIPE NCC SEE-2 Regional meeting, Skopje 2013.*

4. *Vangelski L., Open source cloud computing for sustainable IT development, Journal of Sustainable Development, Vol 4, Issue 7, ISSN 1857-8519, 2014.*

## 4. Проекти

1. *Воведување на е-учење за потребите на германскиот енергетски центар – ГЕЦ (http://e-learning.gec.mk).*

2. *Воведување на систем на електронско учење при Факултетот за бизнис економија и Приватниот научен институт за бизнис економија (https://e-learning.fbe.edu.mk).*

3. *Проектен асистент за термовизија и изработа на термовизиски студии, проект „Енергетски ефикасна локална самоуправа“, CIVICA Mobilitas, 2013 година.*

4. *Проект менаџер за изработка на иновативна ВЕР софтверска платформа, за водење на бизнис и едукативни проекти, Иновативно стратешко партнерство за европско високо образование – ISPEHE 2015/2016 (http://www.ispehe.org).*

5. *Проектен асистент за енергетска ефикасност, Обука на градежни работници за енергетска ефикасност – BEET 2015/2016 (http://www.beet.mk).*

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишан конкурс за виш предавач во областа на Информатика, може да констатира дека кандидатот м-р Љупчо Вангелски ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје и распишаниот конкурс во весникот „Вечер“.

Согласно правилникот за критериуми и постапката за избор на наставни и соработнички звања на ПВУ ВСШ „Факултет за бизнис економија“ Скопје кандидатот м-р Љупчо Вангелски ги има остварено следниве бодови кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ+САОР) кои се однесуваат на периодот од неговиот последен избор:

- Наставно образовна дејност (НО) = 28,8 поени
- Научноистржувачка дејност (НИ) = 17,5 поени
- Стручно-апликативна и организациски развојна (САОР) = 10,5 поени
- Вкупна активност ( НО+НИ+САОР) = 56,8 поени

Рецензенската комисија може да констатира дека кандидатот м-р Љупчо Вангелски го има потребното искуство за избор во звањето виш предавач, веќе има работно искуство во наставна и високо стручна работа и има објавено стручни трудови, покажува интерес и капацитет за наставно научна и истражувачка работа со што може да се констатира дека покажува способност за наставно образовна и научно истражувачка активност кои се потребни за извршување на работните обврски како виш предавач во областа на Информатиката.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да го избере кандидатот м-р Љупчо Вангелски во звање виш предавач во областа на Информатиката на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ во Скопје.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

1. Проф. д-р Иван Чорбев, вонреден професор - претседател
   Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство Скопје

2. Проф. д-р Митко Богданоски, вонреден професор - член
   Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје

3. Проф. д-р Антонија Јосифовска , редовен професор - член
   ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија“ - Скопје

**Прилог**

Табела за вреднување на активностите на м-р Љупчо Вангелски, предавач во изборниот период 2015година, според критериумите за избор на наставници на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје.

| ВИД НА АКТИВНОСТ | БРОЈ | ПОЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Одржување на настава од прв циклус на студии | 36 | 0.25 | 9 |
| Одржување на вежби лабораториски | 12 | 0.15 | 1,8 |
| Консултации со студенти | 120 | 0.1 | 12 |
| Интерна скрипта од предавања | 1 | 4 | 4 |
| Пакет материјали за предмет | 1 | 2 | 2 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Учесник во национален научен/апликативен проект | 1 | 3 | 3 |
| Упество во меѓународен научен/апликативен проект | 1 | 5 | 5 |
| Труд објавен во научно списание со меѓународен уредувачки одбор | 1 | 4 | 4 |
| Труд објавен во зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор | 1 | 3 | 3 |
| Предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество | 1 | 2,5 | 2,5 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Дизајн или изработка на информациски систем | 4 | 2 | 8 |
| Учество во промотивни активности на факултетот | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Рецензент во научно списание со меѓународен уредувачки одбор | 1 | 1 | 1 |
| **ВКУПНО** | | | 56,8 |